Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

# Извадок на дел од дневни настани 11.04.2024

На 11.04.2024 околу 03.00 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Д.(18) од Кавадарци, со живеалиште во Скопје. Тој бил затекнат при обид да изврши „тешка кражба" во филијала на банка на подрачјето на општина Аеродром. Лицето било задржано во Полициската станица Аеродром и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.04.2024 во 17.45 часот во село Марена, кавадаречко, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода М.Р.(54) од Кавадарци. Тој се сомничи дека околу 17.30 часот на паркинг простор во село Марена одзел патничко возило „рено клио" со кавадаречки регистарски ознаки, сопственост на Ј.О.(55) од Кавадарци. Возилото било вратено на сопственикот, а М.Р. бил приведен во полициска станица и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.04.2024 во 21.30 часот во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го приведоа С.Ѓ.(39) од Охрид, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна за сторени повеќе кривични дела „тешка кражба". Лицето е спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Струга за издржување на казната.

На 10.04.2024 на место викано „Зад Пеливар", атар на с.Слоештица, демирхисарско, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Демир Хисар во координација со Шумска полиција го лишиле од слобода А.В.(44) од с. Слоештица затоа што кај него биле пронајдени огревни дрва без документација. Истиот ден, во с. Слоештица, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Демир Хисар во координација со шумска полиција го лишиле од слобода Т.Д.(58) од с.Слоештица. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени моторна пила, огревни дрва, тракторска приколка и 220 вреќи ќумур, за кој постои сомнение дека е предмет на претходно извршено кривично дело. По документирање на случаите, против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.04.2024 во 17.45 часот на подрачјето на Карпош во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.М.(20) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (10.04.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 271 возач. Од нив 19 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 78 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 193 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (10.04.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 72 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 12 санкции, седум мерки за возење без возачка дозвола, 10 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, шест мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 10.04.2024 во 11.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Никола Карев" во Скопје, товарно возило „мерцедес атего" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Н.(41) од Скопје, удрило во велосипед управуван од А.Т.(68) од Скопје. На местото на несреќата од здобиените повреди починал А.Т., а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Возачот на товарното возило бил лишен од слобода и задржан во полициска станица за понатамошна постапка. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 10.04.2024 во 08.45 часот во Полициската станица Аеродром, Н.Х.Р.(22) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 10.04.2024 во 13.45 часот во Полициската станица Аеродром, Г.С.(62) од Скопје пријавила дека на ул.„Тодор Чангов" во Скопје била касната од куче скитник.

На 10.04.2024 во 16.15 часот во Полициската станица Аеродром, Ф.П.(27) од Велес пријавил дека на ул.„Владимир Комаров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 10.04.2024 во 16.30 часот во с.Тркање, кочанско, полициски службеници од ОВР Кочани, со судска наредба, извршиле претрес на домот и помошните простории на М.Ј.(38) од с.Тркање. При претресот биле пронајдени и одземени еднострелно долго оружје „орозара" калибар 16мм, едно репетирачко долго оружје „Застава Крагуевац" и повеќе различни видови куршуми и ловечки патрони со различен калибар. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.И.(50) од струшкото село Франгово и Л.Р.(40) од Република Албанија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". Двајцата, со палење на отпадни материјали и стрништа во месноста „Добра вода", атар на селото Франгово, предизвикале пожар чие ширење кон селото било спречено со интервенција на Територијалната противпожарна единица од Струга.

На 10.04.2024 во периодот од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за прекршоците што ги прават возачите на мотоцикли. При контролата биле откриени и санкционирани 16 прекршоци (ТЕ-12 и ГВ-4), од кои најголемиот дел биле за некористење на заштитен шлем-кацига 6 (ТЕ-2 и ГВ-4), со поминат рок на важност на сообраќајна дозвола 2 (ТЕ) и управување без положен возачки испит 4 (ТЕ). Против возачите биле поднесени соодветни поднесоци. При контролата биле констатирани и санкционирани 9 (ТЕ-4 и ГВ-5) останати сообраќајни прекршоци.

На 10.04.2024 во 21.30 часот во Кочани, полициски службеници од ОВР Кочани го лишиле од слобода Р.С.(23) од Штип, постапувајќи по претходна пријава дека со патничко возило „југо" удрил во масата на која седеле С.Т.(52) од Кочани и нејзиното семејство во дворното место на нејзиниот татко. Според пријавеното, потоа настанала физичка пресметка помеѓу семејствата на С.Т. и Р.С., при што дел од инволвираните се здобиле со повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе бидат поднесени соодветни пријави.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против А.А.(45) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". На 02.06.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и бела грутчеста материја.

На 10.04.2024 во 18.50 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Полициската станица Ѓорче Петров го лишиле од слобода Д.А.(40) од Скопје затоа што, по претходно недоразбирање во сообраќајот, физички ги нападнал Б.Ѓ.(48) и В.Ч.(46), двајцата од с.Волково, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.04.2024 во 13.48 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Добри Дол, скопско, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Љ.С.(50) и Љ.С.(63), двајцата од истото село. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Б.М.(40) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 26.04.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 10.04.2024 во 15.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во атар на с.Ќојлија, скопско, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу П.А.(43) од една страна и Д.Џ.(36) и М.Т.(21), од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.04.2024 во 10.30 часот, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица привеле седум лица мигранти од Непал, кои се обиделе нелегално да ја преминат државната граница од Република Северна Македонија кон Република Грција. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против З.К.(59) од Пехчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Во текот на 2021 и 2022 година, пријавениот во 61 наврат преку компјутерски систем извршил различни трансакции со платежни картички на друго лице.

На 10.04.2024 во 16.30 часот во СВР Куманово, Б.Т. (76) пријавила дека на улица „Кирил и Методиј" во Куманово била касната од куче скитник.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Б.А.(55) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во својство на инвеститор, пријавениот во текот на октомври 2023 година во Струга започнал со изградба на објект за домување без да поседува одобрение за градба.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет